# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА


Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

20 Јуни 2013
Скопје
Број 8, година VIII
contact@kiselavoda.gov.mk


**Скопје, Јуни 2013 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување Одлука за донесување на
Изменувањето и дополнувањето на дел од Детален урбанистички план
населба „11-ти Октомври- бараки“ Урбан блок 1 (М 36), Општина Кисела Вода, Скопје,
предлог план, плански период 2012-2017

1.Се објавува Одлуката за донесување на Изменувањето и дополнувањето на дел од Детален урбанистички план населба „11-ти Октомври- бараки“ Урбан блок 1 (М 36), Општина Кисела Вода, Скопје, предлог план, плански период 2012-2017, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 јуни 2013 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4026/1
20.06.2013 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/2011 и 144/2012), и член 34 став 1, точка 6 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" бр. 8/05 и "Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/2006), Советот на Општина Кисела Вода на Четвртата пленарна седница, одржана на 20 јуни 2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

за донесување на
Изменувањето и дополнувањето на дел од Детален урбанистички план
населба „11-ти Октомври- бараки" Урбан блок 1 (М 36), Општина Кисела Вода, Скопје,
предлог план, плански период 2012-2017

Член 1

Со оваа Одлука се донесува изменувањето и дополнувањето на дел од Детален урбанистички план населба „11-ти Октомври- бараки" Урбан блок 1 (М 36), Општина Кисела Вода, Скопје, плански период 2012-2017

Член 2

Планскиот опфат третиран во овој ДУП, со својата местоположба припаѓа на Општина Кисела Вода.

Локалитетот е дефиниран со следните граници:

- **на североисток**: границата се движи по границата на "КО Кисела Вода 1" и "КО Кисела Вода 2",

**- на југоисток:** границата се движи по осовината на булевар "Србија Б",

**- на југозапад:** по осовината на улицата "Првомајска"

- **на северозапад:** границата се движи по осовината на улицата "Лазар Димитров", се до почетната точка,

Во рамките на овие граници, површината на планскиот опфат изнесува 5,22ha.

Според Генералниот урбанистички план на Град Скопје на просторот во границите на планскиот опфат на Детален урбанистички план за населба "11-ти Октомври-бараки" УБ 1, (М 36), Општина Кисела Вода – Скопје планиран е развој на дел од општина Кисела Вода.

Развојот на станбена единица е предвидено со:

- 103 – семејни куќи
- 911– трговски објекти
- 841– сообраќај и врски и пешачки површини
- 612– заштитно зеленило

Член 3

Предлогот на Деталниот урбанистички план содржи:

***ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ***

**ДУКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

1. Географско и геодетско одредување на подрачјето на опфатот, граници и површина
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето и неговата околина
3. Податоци за природни чинители

3.1. Релјефни карактеристики

3.2. Климатски карактеристики

3.3. Сеизмички карактеристикиЖ

3.4. Хидролошки карактеристики

4. Податоци за создадените вредности и чинители
5. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура
6. Инвентаризација и снимање на постојни споменични целини
7. Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфраструктура
8. Инвентаризација и снимање на бесправно изградени градби
9. Културно наследство
10. Анализа на степенот на реализација на важечкиот урбанистички план
11. Анализа на можностите за просторен развој
12. Извод од генералниот урбанистички план на град скопје
13. Други прилози

13.1. Пописни листи од извршената инвентаризација на теренот

13.2. Нумерички податоци за постојна состојба

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

1. Вид на план, назив на подрачјето и плански развој
2. Местоположба на планскиот опфат
3. Текстуални одредби од гуп на град скопје
4. Планска програма
5. Опис и образложение на планскиот концепт
6. Опис и образложение на плански решенија за изградба

6.1. Единици на градежно земјиште

6.2. Класа на намени

6.3. Сообраќајно решение

6.4. Нивелманско решение

6.5. Електро - енергетика и птт инсталации

6.6. Хидротехничка инфраструктура

7. Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализација на планските решенија

8. Мерки за заштита и спасување

8.1. Урбанистичко – технички мерки

8.2. Хуманитарни мерки

**НУМЕРИЧКИ ДЕЛ**

1. Нумерички показатели
2. Билансни (споредбени ) показатели
3. Попречни профили на сообраќајната инфраструктура

**УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА**

1. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат
2. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат за секој помал опфат

***ГРАФИЧКИ ДЕЛ***

**ДУКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

1. Извод од ГУП на град скопје (1:5000)
2. Постоен детален урбанистички план (1:1000)
3. Ажурирана геодетска подлога (1:1000)
4. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби (1:1000)
5. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и изградената комунална инфраструктура (1:1000)
6. Сателитска снимка (1:2500)

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

1. План на парцелација (1:1000)
2. План на површини за градење и регулационен план (1:1000)
3. Сообраќаен и нивелациски план (1:1000)
4. Инфраструктурен план (1:1000)
5. Синтезен план (1:1000)

***ПРИЛОЗИ***

1. Планска програма

2. Извод од ГУП на Град Скопје

3. Геодетски елаборат

Член 4

Изменувањето и дополнувањето на дел од Детален урбанистички план населба „11-ти Октомври- бараки“ Урбан блок 1 (М 36), Општина Кисела Вода, Скопје, се заверува со печат и потпис на Претседателот на Советот на Општина Кисела Вода.

Член 5

Секторот за урбанизам и просторно планирање при Општина Кисела Вода во рок од 60 дена од денот на донесувањето на оваа Одлука ќе обезбеди комплетна документација за остварување на планскиот документ.

Член 6

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува, следи и за негова реализација се грижи Секторот за урбанизам и просторно планирање при Општина Кисела Вода.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Кисела Вода.

Број 07-26/3
20 јуни 2013 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување Програма за измена и дополнување на
Програмата за активности на Општина Кисела Вода од областа
на социјална заштита во 2013 година

1.Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за активности на Општина Кисела Вода од областа на социјална заштита во 2013 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 јуни 2013 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4026/2
20.06.2013 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 22точка 7 и 62 точка 1 и 2 од Законот за локална самоуправа( Службен весник на Р.М. бр. 5/02) и член 3 точка 3, член 11 точка 1,2 и 3 и член 12 од Закон за социјална заштита (Службен весник на Р.М. бр.79/09) и член 34 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Град Скопје бр.8/05 и Службен гласник на општина Кисела Вода бр.13 /06), Совет на општина Кисела Вода на Четвртата пленарна седница одржана на 20 јуни 2013 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за измена и дополнување на Програма за активности на Општина Кисела Вода од областа на социјална заштита во 2013 година

Програмата за активности на општина Кисела Вода од областа на социјална заштита во 2013 година бр. 07-8628/13 од 29 ноември 2012год. донесена од Совет на општина Кисела Вода се дополнува со точка 17 која ќе гласи:

“Спроведување на Проект за доделување на еднократна парична помош на новородени деца во Општина Кисела Вода.
носител: Општина Кисела Вода
рок:
вкупно средства: 2.000.000,00 ден.

член2

Со оваа Програма за измена и дополнување на Програмата за активности на општина Кисела Вода од областа на социјална заштита за 2013година се врши измена и на вкупните средства од Програмата за активности на општина Кисела Вода од областа на социјална заштита за 2013година од висина на 1.550.000,00 денари на вкупно 3.550.000,00 денари.

член 3

Во останатиот текст Програмата за активности на општина Кисела Вода од областа на социјална заштита за 2013 година бр. 07-8628/13 од 29 ноември 2012 година донесена од Совет на општина Кисела Вода останува непроменета.

член 4

Оваа Програма стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 07-26/4
20 јуни 2013 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода од 20-06-2013 заклучно со 31-12-2013 година

1.Се објавува Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода од 20-06-2013 заклучно со 31-12-2013 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 јуни 2013 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4026/3
20.06.2013 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 22 точка 7 и 62 точка 1 и 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 5/02) и член 34 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Град Скопје бр.8/05 и Службен гласник на општина Кисела Вода бр.13 /06) и Програма за активности на Општина Кисела Вода од областа на социјална заштита во 2013 година (Службен гласник на општина Кисела Вода бр.13 /2012) и измените и дополнувањата на истоимената Програма број 07-26/4 од 20.06.2013 година, Советот на Општина Кисела Вода на Четвртата пленарна седница одржана на 20 јуни 2013 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош на семејства
со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода
од 20-06-2013 заклучно со 31-12-2013 година

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденче, кои се со живеалиште на подрачје на Општина Кисела Вода.

Член 2

На секое семејство со новороденче од 20-06-2013 година заклучно со 31-12-2013 година со живеалиште на подрачје на Општина Кисела Вода, ќе му биде доделена еднократна парична помош, во износ од 6.000,00 денари.

**Член 3**

Еднократната парична помош ќесе доделува врз основа на поднесено барање од страна на семејството, до Општина Кисела Вода, со уредно приложена документација која ќе го потврди раѓањето на новиот член во семејството и територијалната припадност (живеалиште), на подрачје на Општина Кисела Вода.

Раѓањето на новиот член во семејството треба да се потврди со доставување на Извод од матична книга на родени за новороденчето.

Територијалната припадност (живеалиштето), на подрачје на Општина Кисела Вода, ќе се потврди со доставување на фотокопија од важечка лична карта или друга исправа за лична идентификација, од двата родитела, со исклучок на новороденче на самохран родител.

Барателите, потребно е да приложат фотокопија од трансакциска сметка.

Доставената документација, по основ на поднесеното барање ќе се чува од страна на Општина Кисела Вода.

Рокот за доставување на потребната документација е 90 дена, од денот на раѓањето на новороденчето.

Член 4

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на Општина Кисела Вода, - Подпрограма АО – Совет, ЕО- Општинска администрација и ДО- Градоначалник, потставка 464990- Други трансфери.

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 07-26/5
20 јуни 2013 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување Одлука се утврдува приоритет на проектот
”Реконструкција на ул. Ратко Митровиќ со крак на истата улица и крак
на ул. Речиште во рурално подрачје со должина до 1 км во с. Драчево

1.Се објавува Одлуката се утврдува приоритет на проектот ”Реконструкција на ул. Ратко Митровиќ со крак на истата улица и крак на ул. Речиште во рурално подрачје со должина до 1 км во с. Драчево, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 јуни 2013 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4026/4
20.06.2013 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 34 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05 и Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода, на Четвртата пленарна седница одржана на 20 јуни 2013 година, донесе

## О Д Л У К А

за утврдување на приоритет на проект ”Реконструкција на
ул. Ратко Митровиќ со крак на истата улица и крак на
ул. Речиште во рурално подрачје со должина до 1 км
во с. Драчево

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проектот ”Реконструкција на ул. Ратко Митровиќ со крак на истата улица и крак на ул. Речиште во рурално подрачје со должина до 1 км во с. Драчево

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода

Број 07-26/6
20 јуни 2013 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата ”Реконструкција на ул. Ратко Митровиќ со крак на истата улица и крак на ул. Речиште во рурално подрачје со должина до 1 км во с. Драчево

1.Се објавува Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата ”Реконструкција на ул. Ратко Митровиќ со крак на истата улица и крак на ул. Речиште во рурално подрачје со должина до 1 км во с. Драчево, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 јуни 2013 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4026/5
20.06.2013 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 34 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05 и Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода, на Четвртата пленарна седница одржана на 20 јуни 2013 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност за намената на инвестицијата
”Реконструкција на ул. Ратко Митровиќ со крак на
истата улица и крак на ул. Речиште во рурално подрачје
со должина до 1 км во с. Драчево

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Кисела Вода дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот ”Реконструкција на ул. Ратко Митровиќ со крак на истата улица и крак на ул. Речиште во рурално подрачје со должина до 1 км во с. Драчево ”

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода”

Број 07-26/7
20 јуни 2013 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за утврдување надоместок на членовите на Општинска изборна комисија – Кисела Вода и избирачките одбори на подрачјето на Општина Кисела Вода за извршената работа во подготовката и спроведувањето на локалните избори одржани во 2013 година

1.Се објавува Одлуката за утврдување надоместок на членовите на Општинска изборна комисија – Кисела Вода и избирачките одбори на подрачјето на Општина Кисела Вода за извршената работа во подготовката и спроведувањето на локалните избори одржани во 2013 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 јуни 2013 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4026/6
20.06.2013 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 8, 11, 12, 13 и 16 од Правилникот за надоместокот на членовите на општинските изборни комисии, Изборната комисија на град Скопје и избирачките одбори за спроведување на локалните избори 2013 година за избор на членовите на советите на општините и советот на градот Скопје и за избор на градоначалници на општините и градоначалник на градот Скопје број 02-1642/1 од 29.04.2013 година, донесен од Државната изборна комисија, Советот на Општина Кисела Вода на Четвртата пленарна седница одржана на 20 јуни 2013 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување надоместок на членовите на Општинска изборна комисија – Кисела Вода и избирачките одбори на подрачјето на Општина Кисела Вода за извршената работа во подготовката и спроведувањето на локалните избори одржани во 2013 година

Член 1

Со оваа Одлука се уредува висината на надоместокот за извршената работа во подготовка и спроведување на локалните избори 2013 година на членовите на Општинската изборна комисија – Кисела Вода и избирачките одбори на подрачјето на Општина Кисела Вода, согласно Правилникот за надоместокот на членовите на општинските изборни комисии, Изборната комисија на град Скопје и избирачките одбори за спроведување на локалните избори 2013 година за избор на членовите на советите на општините и советот на Градот Скопје и за избор на градоначалници на општините и градоначалник на Градот Скопје број 02-1642/1 од 29.04.2013 година, донесен од Државната изборна комисија (во натамошниот текст: Правилникот).

Член 2

На членовите на Општинската изборна комисија – Кисела Вода, која во своја надлежност има 68 избирачки одбор, согласно член 8 и член 12 од Правилникот им се определува следниот надоместок:

- На претседателот на Општинската изборна комисија – Кисела Вода му се определува надоместок во висина од 40.000 денари;
- На заменикот претседател на Општинската изборна комисија – Кисела Вода му се определува надоместок во висина од 35.000 денари;
- На секретарот на Општинската изборна комисија – Кисела Вода му се определува надоместок во висина од 35.000 денари;
- На членот на Општинската изборна комисија – Кисела Вода му се определува надоместок во висина од 30.000 денари;
- На заменик членот и на заменик секретарот на на Општинската изборна комисија – Кисела Вода му се определува надоместок од 50% од надоместокот утврден за членот односно секретарот.

Член 3

На претседателите, нивните заменици, членовите и нивните заменици на избирачките одбори, согласно член 13 од Правилникот им се определува следниот надоместок:

- На претседателот на избирачкиот одбор му се определува надоместок во висина од 3.000 денари;
- На заменикот претседател на избирачкиот одбор му се определува надоместок во висина од 2.500 денари;
- На членот на избирачкиот одбор му се определува надоместок во висина од 2.000 денари;
- На заменикот член на избирачкиот одбор му се определува надоместок во висина од 1.700 денари.

Член 4

Надоместокот за Општинската изборна комисија – Кисела Вода изнесува вкупно 307.500,00 денари, а согласно член 8 а во врска со член 11 од Правилникот.

Надоместокот за избирачките одбори изнесува 1.435.550,00 денари, а согласно член 13 а во врска со член 11 од Правилникот.

Член 5

Надоместокот од членот 4 од оваа Одлука е обезбеден во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2013 година.

Средствата за исплата на надоместокот на членовите Општинската изборна комисија – Кисела Вода и членовите на избирачките одбори, Општина Кисела Вода ги трансферира на трезорската сметка на Општинската изборна комисија – Кисела Вода, која располага и врши исплата на надоместокот.

Член 6

Општинската изборна комисија – Кисела Вода за спроведениот изборен процес согласно членот 17 од Правилникот до Општина Кисела Вода доставува деловен и финансиски извештај.

Член 7

Оваа Одлука може да се менува и дополнува по добивање на мислење од Државна изборна комисија за членовите 11 и 16 од Правилникот.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Бр.07-26/8
20 јуни 2013 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за распоред на средствата во
Буџетот на Општина Кисела Вода за 2013 година

1.Се објавува Одлуката за распоред на средствата во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2013 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 јуни 2013 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4026/7
20.06.2013 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 2008) и член 29 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.62/2004, 96/2004 И 67/2007) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на град Скопје бр.08/05 и Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на 04 пленарна седница одржана на 20.06.2013 година, донесе

# О Д Л У К А

**За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина КИСЕЛА ВОДА**

**За 2013 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на општина **КИСЕЛА ВОДА**

За **2013** година на следниот начин :

| Потпрограма и назив на потпрограмата / Потставка и опис на потставката | | Буџет | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **K40** | **КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | | | | | |
| 425990 | Други договорни услуги | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | -1.300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 0 | -350.000 | 0 | 0 |
| 423720 | Материјали за разни поправки | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 0 | 470.000 | 0 | 0 |
| 420130 | Патување во земјата - сместување | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 0 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 0 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | -864.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 664.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425750 | Услуги за вонучилишни образовни активности | 0 | -280.000 | 0 | 0 | 0 |
| 421210 | Централно греење | 0 | 0 | -220.000 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 40.000 | 0 | 0 | 0 |
| 485710 | Книги за библиотеки и учебници | 0 | 110.000 | 0 | 0 | 0 |
| 420130 | Патување во земјата - сместување | 0 | 0 | 0 | -42.500 | 0 |
| 421310 | Пошта | 0 | 0 | 0 | 1.500 | 0 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 0 | 0 | 4.000 | 0 |
| 425750 | Услуги за вонучилишни образовни активности | 0 | 0 | 0 | 25.000 | 0 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 0 | 0 | 0 | 12.000 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 80.000 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина **КИСЕЛА ВОДА** и станува составен дел на Буџетот на општината за **2013** година.

БР. 07-26/7
20.06.2013

**Претседател на Советот на Општина**
**КИСЕЛА ВОДА**
**ТРАЈЧЕ ДОНЕВ**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр. 8/05 и "Службен гласник на општина Кисела Вода" бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување Одлука за потврдување на идентичност на картирани подлоги за донесени урбанистички плански документации

1. Се објавува одлуката за потврдување на идентичност на картирани подлоги за донесени урбанистички плански документации, донесена na седницата na Советот на Општина Кисела Вода одржана на 20.06.2013 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Кисела Вода".

Број 08-3558/3
20.06.2013 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец Алексиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 15 став 1 точка 1, од Закон за градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/2004 и 158/2011), член 16 став 1 точка 1 и член 34 одСтатутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и “Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/2006), Советот на Општина Кисела Вода на Третата (продолжение) пленарна седница, одржана на 20 јуни 2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

за потврдување на идентичност на картирани подлоги
за донесени урбанистички плански документации

Член 1

Со оваа Одлука се потврдува идентичноста на картираните подлоги за урбанистички плански документации донесени од претходните состави на Советот на Општина Кисела Вода врз основа на записниците изготвени од Комисијата формирана од градоначалникот на општина Кисела Вода бр.08-3614/1 од 28.05.2013 година, и тоа за:

- Картирана подлога за ДУП “Пржино”1, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кисела Вода бр.07-32/2од 17.03.2003 година), Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.5/2003, и тоа следните детални листови

  - Скопје, лист 7Н10-7-10
  - Скопје, лист 7Н10- 7-11
  - Скопје, лист 7Н10- 6-12
  - Скопје, лист 7Н10-7-13
  - Скопје, лист 7Н10-7-14

- картирана подлога за ДУП “Пржино” 2, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кисела Вода бр.07-32/3 од 17.03.2003 година), Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.5/2003и тоа следните детални листови

  - Скопје, лист 7Н10-7-10
  - Скопје, лист 7Н10- 7-11
  - Скопје, лист 7Н10- 6-12
  - Скопје, лист 7Н10-7-13
  - Скопје, лист 7Н10-7-14

- картирана подлога за ДУП “Црниче” 2, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кисела Вода бр. 07-97/2 од 30.09.2003 година), Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.12/2003, и тоа следните детални листови

  - Скопје, лист 7Н10–7- 4
  - Скопје, лист 7Н10 - 7- 7
  - Скопје, лист 7Н10 - 6 - 9
  - Скопје, лист 7Н10 – 7 - 10
  - Скопје, лист 7Н10 - 6 – 12

Член 2

Одговорност за точноста и идентичноста на картираните подлоги за донесени урбанистички документации предмет на оваа Одлука ја сносат членовите на Комисијата формирана од градоначалникот со Решение број 08-3614/1 од 28.05.2013 година.

Член 3

Картираните подлоги за донесените урбанистички плански документации од член 1 на оваа Одлука се заверуваат со печат и потпис на Претседателот на Советот на Општина Кисела Вода.

Член 4

Заверените картираните подлоги за донесените урбанистички плански документации од член 1 на оваа Одлука се предаваат на Агенцијата за катастар на недвижности на чување и користење.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 07-3414/5
20 јуни 2013 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

С О Д Р Ж И Н А:

1.Одлука за донесување на Изменувањето и дополнувањето на дел од Детален урбанистички план населба „11-ти Октомври- бараки“ Урбан блок 1 (М 36), Општина Кисела Вода, Скопје, предлог план, плански период 2012-2017;..........................................................................3

2.Програма за измена и дополнување на Програмата за активности на Општина Кисела Вода од областа на социјална заштита во 2013 година;..........................................................8

3.Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода од 20-06-2013 заклучно со 31-12-2013 година;...................10

4.Одлука се утврдува приоритет на проектот ”Реконструкција на ул. Ратко Митровиќ со крак на истата улица и крак на ул. Речиште во рурално подрачје со должина до 1 км во с. Драчево;....12

5.Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата ”Реконструкција на ул. Ратко Митровиќ со крак на истата улица и крак на ул. Речиште во рурално подрачје со должина до 1 км во с. Драчево;.........................................................................................................14

6.Одлука за утврдување надоместок на членовите на Општинска изборна комисија – Кисела Вода и избирачките одбори на подрачјето на Општина Кисела Вода за извршената работа во подготовката и спроведувањето на локалните избори одржани во 2013 година;......................16

7.Одлука за распоред на средствата во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2013 година;....19

8. Одлука за потврдување на идентичност на картирани подлоги за донесени урбанистички плански документации;.......................................................................................................21